- III. Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2019г. | 49 | 48 |
| 2020г. | 30 | 30 |
| 2021г. | 43 | 42 |
| 2022г. | 33 | 33 |
| 2023г. | 32 | 32 |

IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет за човекови права | 8 | 8 |
| | | |
| Вкупно | 8 | 8 |

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување | Постапка за надомест на материјална штета | Оддалечување од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019г. | 1371 | 10 | 334 | 163 | 27 | 20 |
| 2020г. | 1409 | 29 | 388 | 185 | 21 | 24 |
| 2021г. | 1239 | 43 | 307 | 232 | 15 | 39 |
| 2022г. | 1269 | 29 | 468 | 388 | 56 | 46 |
| 2023г. | 1235 | 19 | 451 | 151 | 26 | 48 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019г. | 67 | 3 | 26 | 38 | / |
| 2020г. | 65 | 6 | 27 | 30 | 2 |
| 2021г. | 63 | 4 | 19 | 40 | / |
| 2022г. | 52 | 4 | 28 | 20 | / |
| 2023г. | 62 | 6 | 21 | 35 | / |

извештаи, Антикорупциската програма, Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР и други активности на Одделот.

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Игор Арсовски**

Изработил: Самостоен аналитичар - Јулијана Јанаќијева
Самостоен документарист - Ангела Димитрова
Кинтролирал: Началник на Одделение - Маја Реџепагиќ

помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на маргиналните групи.

Погореспоменатите законски измени нужно водат кон интезивирање на соработката на ОВККИПС со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барање од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено доставува одговори.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на народниот правобранител, групирани по области.

***Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи***

На почетокот од годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2023 година, како* и *Акциски план за имплементација* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Основа на Програмата се препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

ОВККИПС е координатор на активностите од Акциониот план за имплементација на обврските за Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваат од извештајот, а отпочнаа по потпишувањето на Акциониот план. Во оваа насока, одржани се работни средби со раководителите на организациските единици задолжени за постапување по Акциониот план, а Одделот веќе ги привршi активностите на коишто е носител. Имено, во делот објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР, Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните

•

•

Министерството спроведени се девет обуки со цел јакнење на интегритетот и намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициски овластивања на 145 слушатели.

*Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување*

И во 2023 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Јавните обвинителства и судовите, со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а посебно со Специјалното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК.

Имајќи ги предвид новите законски решенија, детално обработени во воведниот дел, оваа соработка веќе станува поинтензивна и се подига на ново квалитативно ниво.

Имено, самата имплементација на овие законски решенија диктира динамично темпо на меѓуинституционална соработа, што мора да резултира со интеракциски пристап на сите државни органи на кои се однесува оваа законска регулатива.

Одделот и во оваа година тековно соработуваше со Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии, доставувајќи редовно квартални известувања, согласно обврските од Законот за јавна внатрешна контрола и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, во однос на управувањето и користењето на јавните средства.

*Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната основна функција, која се состои во давање правна

•

•

зајакнување на капацитетите на надзорните институции вклучени во спречување на корупцијата и отчетност на севкупниот систем на управување.

Во периодот од 27-30.06.2023 година во Охрид во организација на мисијата на Обсе во Скопје во соработка со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше одржана работиница на тема " Родови разлики и дилеми во полициското работење" на која беа дискутирани теми околу идентификување на најчестите родови дилеми и предизвици во полициското работење во Република Северна Македонија, алатки и начини за надминување на предизвиците и промовирање на развој на родово сензитивни политики во МВР со цел надминување на родовите разлики во полициското работење.

Во периодот од 13-14.09.2023 година во х.Хилтон Скопје во организација на ОБСЕ/ОДИХР беше одржана обука на тема "Интегрирање на родовата перспектива во активностите за мониторинг и надзор на националните институции за човекови права и внатрешните надзорни тела врз институциите од безбедносниот сектор" на која присуствуваа претставници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Целите на обуката беа да се подигне свеста за важноста на вклучување на родовата перспектива во надзорот на институциите на безбедносниот сектор, механизмите на мониторинг и вклучување на родовите перспективи во нивната надзорна работа, влијанието на родово трансформативните пристапи врз работата на надзорните тела, начините за спроведување на истрага по претставки за повреда на човековите права, тортура, прекумерна употреба на сила, дискриминација и слично.

Во текот на 2023 година Одделот спроведе вкупно 13 обуки на кои присуствуваа 237 слушатели.

Во насока на континурино стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, се одржаа работилници под покровителство на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор на Кралството Норвешка во соработка со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на кои се презентираше Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, при што во рамки на проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан" спроведени се четири обуки на тема: „Употреба на полициска сила" на која присуствуваа 92 слушатели.

Во насока на реализација на Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акцискиот план за негова имплементација од страна на Одделот врз вработени во

службеници преку зајакнување на капацитетите за внатрешна контрола со цел постигнување добри резултати во борбата против корупцијата во регионот.

Во периодот од 25-26.10.2023 година, под покровителство на Центарот за интегритет во одбгамбениот сектор на Кралството Норвешка, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше домаќин на втората по ред регионална средба на службите за внатрешна контрола од Северна Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора на која беа донесени заклучоци за интензивирање на соработката и формирање на Форум за соработка меѓу службите на овие четири земји со отвореност за прием на други земји членки на форумот.

Заради стручно усовршување на вработените во Одделот во организација на Центарот за интегритет во безбедносниот сектор на Кралството Норвешка, се одржаа две обуки на тема „Методологија и интегритет во јавните набавки“ на кои присуствуваа претставници од Одделот. Од страна на експерти за јавни набавки беше презентирана програма за примена на основните принципи на јавните набавки во јавниот сектор, директивите на ЕУ кои се однесуваат на јавните набавки и потребата од спроведување на јавните набавки на начин кој обезбедува заштита на јавниот интерес.

Претставници од Одделот на ден 17.03.2022 година зедоа учество на Меѓународна конференција на тема: “Сајбер интегритет во јавната администрација “ во организација на Центарот за интегритет, развој и добро управување IMPETUS. Панелисти на конференцијата беа меѓународни и домашни експерти од областа на сајбер безбедноста кои дадоа посебен осврт на предизвиците со кои се соочува јавната администрација и општеството пред сајбер нападите со заедничка заложба и поттик за трансформативни промени.

На 05.04.2023 година претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди присуствуваше на Годишната конференција за оценка на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година. Конференцијата се реализираше во рамки на проектот “Активност за анти-корупција и интегритет “ финансиран од УСАИД, а спроведен од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Конференцијата се фокусираше на реализација на активностите од Акциониот план на Националната стратегија преку осврт на постигнатите резултати, искуствата во борбата против корупцијата и воведување на системот на интегритет, негово унапредување, како и

Во периодот од 05-09.06.2023 година во Стразбур, Р.Франција, се одржа 94-тата Пленарна седница на ГРЕКО (Група земји за борба против корупцијата во рамките на Советот на Европа). На седницата присуствуваше и делегација од Република Северна Македонија од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди која во рамки на своите надлежности го координира процесот на имплементација на препораките кои се однесуваат на Министерството за внатрешни работи. Главната тема на оваа Пленарна седница беше разгледување на Вториот ситуациски извештај за напредокот на земјата во однос на исполнување на дадените препораки од страна на ГРЕКО во 5-от круг на евалуација: „Превенција од корупција и промоција на интегритетот во централната власт", кој се разгледуваше на седницата која се одржа на 07.06.2023 година. По разгледувањето на Вториот ситуациски извештај за Република Северна Македонија, дадена е позитивна оценка за напорите на нашата земја и за големиот број на успешно имплементирани препораки, со акцент на позитивните реформи кои ги направи Министерството за внатрешни работи со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи и Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на РСМ" бр.89/22) со кои се воведе Тестот за професионален интегритет, деполитизација во Министерството, пријава на имотна состојба и интереси и одвојување на оперативната функција на Полицијата од Министерството.

На ден 03.07.2023 година делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни присуствуваше на церемонија организирана по повод одбележување на 17 годишнината од формирањето на Полицискиот инспекторат на Р.Косово. На церемонијата, раководителот на службата за внатрешна контрола на Р.Северна Македонија заедно со раководителите на службите за внатрешна контрола на Р.Косово, Р.Албанија и Р.Црна Гора, потпишаа Декларација за формирање на Балкански форум за полициски надзор. Потпишувањето Декларацијата за формирање на Балкански форум за полициски надзор произлезе како заклучок од Регионалната конференција за спречување на корупцијата на граничните премини која се одржа во Призрен, Р.Косово од 02-05 мај 2023 година, а на која присуствуваа претставници од службите за внатрешна контрола на Република Северна Македонија, Р.Косово, Р.Албанија и Р.Црна Гора. Нашата делегација уште еднаш изрази посветеност и подготвеност за размена на идеи, стратегии и високи професионални стандарди во сузбивањето на внатрешните корупутивни облици на однесување на полициските

предвидени и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати. Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на МВР.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е член на платформата ЕРАС (Европски партнери за борба против корупција), која е независна, неформална мрежа која обединува повеќе од 70 антикорупциски власти и полициски тела за надзор од земјите-членки на Советот на Европа. Од страна на претставниците на Одделот кои остваруваат контакт со ЕРАС, редовно се испраќаат текстови до редакцискиот одбор на Весникот на ЕРАС во кои промовираме одредени настани од делокругот на нашето работење кои се поврзани со градењето на интегритетот и борбата против корупцијата. Во Весникот бр.1 од 2023 година доставивме текст во кој го промовиравме Планот за интегритет во МВР 2023-2025. Преку објавувањето на текстови во Весникот на ЕРАС сметаме дека Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди врши промовирање на активностите кои ги презема, но и на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија воопшто.

На покана на Програмата на Амбасадата на Соединетите Американски држави – ИЦИТАП, претставници од Одделот присуствуваа на годишна конференција од областа на внатрешната контролана САД во организација на NIAIA – Национално здружение на внатрешни контроли во САД која се одржа во Форт Ворт, Тексас, при што Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди беше сертифициран како член на ова национално здружение.

Одделот ја интензивираше соработката со службите за внатрешна контола на Република Србија, Унгарија и Романија и на нивна покана во рамки на развивање на меѓународната соработка остварени се студиски посети со цел размена на искуствата од спроведување на тестовите за интегритет, опфатени операции и технички алатки користени за време на тестовите, разгледување на реални студии на случај и исходи од истите, имајќи предвид дека Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е надлежна организациска единица за спроведување на тестовите за интегритет.

На покана на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор Норвешка – ЦИДС, делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот 21-22 март 2023 година присуствуваше на Регионална конференција која се одржа во Тирана, Р.Албанија на тема: "Зајакнување на соработката помеѓу службите за внатрешна контрола на Албанија, Косово, Црна Гора и Северна Македонија", за предизвиците со кои се соочуваат овие служби, алатките со кои се користат со цел спречување и откривање на случаи на корупција од страна на полициските службеници и размена на искуства од секојдневното работење.

Постапувајќи по Наредба Сд.бр. 14-4480-/1 од 16.01.2023 година и План бр.14-489/1 од 22.02.2023 година, План бр.14-775/1 од 31.03.2023 година, План бр.14-780/1 од 03.04.2023 година, План 14-1770/1 од 14.09.2023 година и Наредба на министерот, Одделот на ден 22.02.2023 година, 03.04.2023 година, 04.04.2023 година, 14.09.2023 и 07.12.2023 година изврши шест контроли во 21 организациска единица врз вработените за почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа и почитување на Наредба за користење на службени моторни возила и тоа: на четирите влеза во кругот на Министерството за внатрешни работи, контрола над вработените во СВР Куманово и ОУР Куманово, контрола над вработените во ОУР Скопје, контрола над вработените во ОВР Гевгелија, ОУР Гевгелија и Одделение за прекршоци Гевгелија, ОУР Прилеп и една контрола во 14 организациски единици во седиштето на Министерството за внатрешни работи. По спроведените контроли не се утврдени потешки повреди на работниот ред и дисциплина.

***Проектни активности, меѓународна соработка, работилници, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот***

Во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, изработени се План за интегритет на МВР 2023-2025 и Акционен план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025. Овој план претставува внатрешен анти-коруптивен документ за градење на интегритет кој содржи сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување. Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, детектирани се шест области од работењето на МВР кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени лица од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл, ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција, ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања, ризици во областа на спроведување на јавните набавки, ризици во областа на управувањето со човечки ресурси, ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на МВР. Во Акциониот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акциониот план исто така се

Во рамки на спроведените контроли констатирани се неправилности во работењето кај 35 полициски службеници за што од страна на Одделот поднесени се 28 предлози за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а за седум полициски службеници е изречена мерка писмено укажување.

Во врска со исполнување на Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи по Наредба 14-4480/1 од 16.01.2023 година и Наредба бр.14-4482/1 од 16.01.2023 година и Наредба 14-4492 од 16.01.2023 година, на ден 12.08.2023 година, 13.08.2023 година, 20.08.2023 година, 02.12.2023, 03.12.2023, 08.12.2023, 09.12.2023, 10.12.2023, 16.12.2023, и 17.12.2023 година, Оделот спроведе 21 контроли во 35 организациски единици: Мобилна единица за безбедност на патниот сообраќај-Петровец, ОБПС Скопје, СВР Тетово (ПС за БПС Тетово, ПО за БПС Гостивар, ПС ОН Тетово), ОГР (ОУР Скопје, ОУР Битола, ОУР Куманово, ОУР Охрид), СВР Струмица (ПС за БПС Гевгелија, ПС ОН Струмица, 2-ПС за БПС Струмица, ПО Ново Село), РЦ за ГР Исток (ПС за ГП и ГН Ново Село), РЦ за ГР Север (ПС за ГП Меѓународен Аеродром Скопје, ПС за ГП Долно Блаце, ПС за ГП Табановце, ПС за ГП Јажинце), СВР Куманово (ПС за БПС Куманово, ПО за БПС К.Паланка,ПС ОН Куманово), РЦ за ГР Југ (ПС за ГП Меџитлија, ПС за ГП и ГН Богородица, ПС за ГП и ГН Стар Дојран), СВР Битола (ПС за БПС Битола), РЦ за ГР Запад (ПС за ГП и ГН СВ.Наум, ПС за ГП и ГН Ќафасан), СВР ОХрид (ПС за БПС Охрид, ПС за БПС Струга), РЦ за ГР Исток (ПС за ГП Деве Баир). СВР Штип (ПС ОН Штип), СВР Скопје (ПС ОН Бит Пазар, ПС ОН Киела Вода), Оддел за општи и заеднички работи.

Контролите се однесуваа на извршување на работните задачи, контрола на службените евиденции кои се водат во дежурна служба, почитување на правила на користење на мобилен систем за снимање со камери, контрола над полициски патроли при извршување на работни задачи и контрола на почитување на член 168 од Закон за внатрешни работи, како и одвивање на работниот процес во постапката за издавање на лични документи, законска примена на полициските овластувања и увид во евиденциите за употреба на средства за присилба, контрола на работен процес во Одделението за јавни набавки.

Во рамки на спроведените контроли констатирани се неправилности во работењето, за што од страна на Одделот констатирани се неправилности кај 17 полициски службеници, за што Одделот поднесе е предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против 15 полициски службеници, а за двајца полициски службеници е изречена мерка писмено укажување.

истраги и професионални стандарди до непосредните раководители изрече задолжителни мерки да бидат поведени ***20*** (20) постапки за утврдување на **материјална одговорност.**

***Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР***

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во текот на 2023 година изврши вкупно 38 контроли во 78 организациски единици во МВР, од кои во врска со исполнување на Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи извршени се 21 контрола во 35 организациски единици во МВР.

По Наредба Сд.бр. 14-4480/1 од 16.01.2023 година, Сд.бр.14-4482/1 од 16.01.2023година и Сд.бр.14-4492/1 од 16.01.2023 година, План рег.бр. 14.1.2-207/2 од 21.01.2023 година, План рег.бр.14-570/1 од 03.03.2023 година, План рег.бр.14.3-779/1 од 03.04.2023 година, План рег.бр.14.1.2-819/1 од 07.04.2023 година, План рег.бр. 14.1.1-1034/1 од 15.05.2023 година, План бр.14-1344/1 од 07.07.2023 година План бр.14-1345/1 од 07.07.2023 година, План бр.14-1395/1 од 13.07.2023 година, План бр.14.31.-1394/1 од 13.07.2023 година, План бр.14.3-1436/1 од 18.07.2023 година, План рег бр.14.3.1-1392 од 25.07.2023 година, Одделот на ден 21/22.01.2023 година, 04/05.03.2023 година, 05.04.2023 година, 08.04.2023 година, 15.05.2023 година, 08.07.2023 година, 09.07.2023 година, 16.07.2023, 18.07.2023 и 25. 07.2023 година изврши 11 контроли во 22 организациски единици во состав на секторите за внатрешни работи (ОВР Прилеп, ПС ОН Прилеп, ПО за БПС Прилеп, ПО Ропотово, ПО Кривогаштани, ОВР Македонски Брод, ПО за БПС Крушево ОВР Радовиш ПС од ОН Куманово, ОЗР и ОКРА при СВР Куманово, ПС за БПС Велес, ПС за БПС Неготино, ПС ОН Гевгелија), како и во организациски единици за гранични работи и тоа (ПС за ГП и ГН Богородица, ПС за ГП и ГН Ќафасан, ПС за ГП и ГН Дојран, ПС за ГП и ГН Табановце, ПС за ГП и ГН Деве Баир, ПС за ГП и ГН Свети Наум ПС за ГП и ГН Меџитлија и ПС за ГН Маркова Нога).

Контролите се однесуваа на контрола на извршување на работните задачи, контрола на службените евиденции кои се водат во дежурна служба, почитување на правила на користење на мобилен систем за снимање со камери, контрола над полициски патроли при извршување на работни задачи и контрола на почитување на член 168 од Закон за внатрешни работи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело од страна на ОВККИПС се поднесени 12 (17) **кривични пријави** против 19 (29) **вработени** во МВР за сторени 14 (20) кривични дела, од кои *по **три** кривични дела **„злоупотреба на службената положба и овластување“**, **четири** кривични дела **„примање поткуп“**, **три** кривични дела **„малтретирање во вршење на службата“** и по едно кривично дело **„несовесно работење во службата“, „затајување“, „проневера во службата“** и **„тешка телесна повреда“**.*

Покрај ова, во текот на годината, изготвени се и доставени 259 (289) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија, од кои 53 (93) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а 206 (196) **Известувања се изготвени по барање на ОЈО.**

***Од нив, 241 (263) известувања се до ОЈОГОКК, од кои 239 (257) до Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.***

Изминатата 2023 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по *62* (52) **поднесоци** во кои е наведено дека од страна на полициски службеници **е употребена физичка сила врз граѓани.** По преземените мерки и испитувањето на случаите, утврдено е дека *21* (28) ***поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во *35* (20) ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила, додека ***шест*** (четири) **претставки се *основани*** за што се поднесени три кривични пријави за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на служба“ и три известувања до ОЈОГОКК - Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.

Одделот, во сите случаи за кои е известен дека вработени во Министерството постапувале незаконски или непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во 2023 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на *46* (42) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи, при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички

сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **312** (395) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

Од **1235** (1.269) случаи за кои се вршени проверки, **923** (916) **или 75 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани или правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР. Останатите **312** (353) случаи или **25%** се проверки вршени по основ на добиени известувања, сопствени сознанија и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во **530** (510) случаи наводите изнесени во нив се **неосновани, во 92** (99) случаи **се основани,** за **210** (208) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, 90 (84) се **делумно основани,** а **една претставка** (15) **е решена на друг начин (нема основ за постапување).**

Претставките најчесто се однесуваат на непостапување или несоодветно постапување по пријавен настан, потоа следуваат постапувања спротивно на Упатството на користење на социјалните мрежи во Министерството и претставки поради незадоволство од констатирани сообраќајни прекршоци.

Во предметите по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и подзаконските акти, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како овластен предлагач изречени се задолжителни мерки за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, против 451 (468) вработени изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на дисциплинска одговорност пред Одделот за дисциплински и судски постапки.** За 151 (388) **лице** е изречена мерка **укажување, а на 26** (56) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 48** (46) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 47** (53) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 38** (36) **вработени е одземено службеното оружје.**

Во 2023 година, претставници од Одделот учествуваа во работата на Одделот за дисциплински и судски постапки во својство на овластен предлагач во постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во МВР на **321** (314) расправи.

СМК од страна на врвното раководството. По извршена надзорна проверка на сертификационото тело АМ ЦЕРТ - Скопје, во извештајот од аудитот, во делот позитивни аспекти и добра пракса, работењето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди го оцени како многу добро во дефинирање на управување со ризици во плановите за интегритет и ефикасно спроведување на целите за квалитет.

## *Статистички показатели за работата на Одделот*

Во текот на 2023 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1235** (1.269)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува намалување за 2,7 % во однос на минатата година.

Во 2023 година во Одделот се примени **854** (877) **писмени претставки од граѓани**, што е намалување на примените писмени претставки за 2,6% споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки - 235** (244), забележано е намалување за 3,7%. За 16,7% е зголемен бројот на примени **анонимни поднесоци - 161** (138).

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - ***осум*** (седум) и тоа сите преку **Хелсиншкиот комитет за човекови права**.

Оваа година добиени се речиси ист број на претставки од **Народниот правобранител - 32** (33). Зголемување за 12,% е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓаните - 92** (82) како и зголемување за 12,9% кај добиените **претставки од правни лица - 35** (31).

Во одредени предмети, за покарактеристични случаи, истовремено или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини организации, или народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и

---

1 *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

периодичните извештаи и други информации од интерес за јавноста, на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Во 2023 година целосно дојде до израз комплетираната законската рамка на воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и функционирањето на Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Извршените измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови, веќе претставуваат алатка за сеопфатна, ефикасна и ефективна надворешна контрола врз полицијата. Општ е впечатокот дека овој концепт влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување.

Соработката на Одделот со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања, во ОЈО ГОКК е исклучително добра, а комуникацијата тековна и без проблеми.

Со измените во Колективниот договор на МВР („Службен весник на РСМ" бр.54/23) зголемени се надлежностите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во случаи кога постапува при утврдување на незаконито, непрофесионално постапување и неетичко однесување на вработени во министерството. Одделот кој до измените имаше овластување за поднесување на иницијативи за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, доби улога на овластен предлагач, односно по констатирани неправилности поднесува предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, со што активно учествува во текот на водење на дисциплинската постапка.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ОВККИПС во минатата година се приклучи кон организациските единици во МВР кои го применуваат стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди, односно се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет. По успешно завршување на надзорните проверки од страна на акредитираното сертификационо тело, Одделот и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Па така, во овој период воспоставени се цели за квалитет во 2023 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ*
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - 2 / 3
23.01.2024 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј

***за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2023 година***

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016 и 21/2018, 198/19, 275/19, 110/21, 89/22), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластување и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи. Одделот континуирано работи на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на вработените во МВР, постапувајќи како по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги прибира, така и по добиени известувања, анонимни доставИ, претставки од граѓани и вработени во МВР, невладини организации и правни лица, барања од јавните обвинителства и други субјекти.

И во текот на 2023 година Одделот продолжи да биде максимално транспарентен и отворен за граѓаните, објавувајќи ги своите активности, Антикорупциската програма,